редизајн на
јавни површини

2.0

# АКТИВНИ УЛИЧНИ ЗАВРШЕТОЦИ

## создавање нови градски врзни ткива во Скопје

февруари - март 2020



булевар
илинден
**помеѓу**
**двете војни**

булевар
илинден
**пред**
**реконструкција**



## ВОВЕД

А. Трансформација и адаптација на централните градски зони во современите градови претставува вистински предизвик и е еден од главните дискурси во социолошката и архитектонско-урбанистичката теоретска и научна јавност на овој и минатиот век. Многу градови претрпуваат значителни морфолошки промени во обидот да држат чекор со технолошките и економските текови на своите општества.

Во нашиот локален социо- економски контекст тие најчесто се манифестираат и завршуваат единствено со проширување на постоечки улици во улици/ булевари од повисок ранг, со цел обезбедување поголема сообраќајна проточност, многу често не водејќи сметка за интегрирање на интервенцијата во непосредната околина. Како резултат на тоа, се појавува неусогласеност на новата со постојната градска структура, отуѓување на одредени градски простори од колективната и личната меморија на жителите и корисниците, а со тоа и создавање можност за нивно напуштање или различна (зло) употреба.

Соодветен пример е проширувањето на ул. Илинден во бул. Илинден во 2009 година. При ваквиот зафат, коловозот со 2 ленти се проширува во коловоз со 4 ленти, тротоарот се стеснува, се отстранува постојниот дрворед, а станбените улици кои излегуваат на неа добиваат слепи завршетоци.

Резултатот, покрај зголемениот капацитет на проточност и фрекфенција, е и нарушување на начинот на функционирање на постојниот уличен систем, што допринесува до трајно менување на градската атмосфера и начинот на живот во тој дел од градот.

булевар
илинден
**за време на
реконструкција**



Фокус на оваа работилница е третман на слепите улични завршетоци на станбените улици кои продираат до бул. Илинденска настанати со нејзиното проширување и трансформација на истите во активни градски елементи преку создавање на нови врзни градски ткива.

## ЦЕЛИ НА РАБОТИЛНИЦАТА

Интердисциплинарниот пристап во текот на целиот процес треба да резултира со инклузивен финален дизајн и висок диверзитет на категории на корисници.

Со користење на методи на социјална иновација, просторните решенија и интервенции се обидуваат да поттикнат колективизам и чувство  на заедница преку вметнување на елементи кои генерираат социјални активности.

Културниот инженеринг како современа социо-културна алатка треба да овозможи зајакнување на постојни форми на однесување и овозможување на развој на нови.

Сите решенија и интервенции треба да имаат свој импакт  и да ја зголемат вредноста на потесната и пошироката физичка и социо-економска средина.

Зголемување на безбедноста на локациите, намалување на ефектот на урбани топлотни острови, зајакнување на урбаната отпорност  и подобрување на ментално здравје кај граѓаните се интегрални аспекти и компоненти на финалниот дизајн.



## СТРУКТУРА НА РАБОТИЛНИЦАТА

Работилницата се состоеше од два дела: **Б**. работа на терен и аналитика на **real-time** информации за животот на една улица и **В.** развивање на дизајн базирана стратегија за нејзина трансформација.

**Б.** Преку квалитативни и квантитативни методи на истражување (опсервација, анкети, интервјуа и фото и видео документација), учесниците ги мапираа дневните и ноќните активности и програма, формите на однесување на луѓето, животните и природата, физичката микро и макро околина, со цел подобро разбирање на постојниот социо-културен контекст и атмосфера, проследено со идентификување и атак на релевантен современ градски феномен.

**В.** Во процесот на развој на стратегии, концепти и решенија, учесниците беа охрабрувани да допринесат за и/или експериментираат со нови градски атмосфери, да создаваат различни кориснички искуства и да се служат со современи методи/алатки/медиуми/техники.

Секој дизајн/ интервенција/ решение има неколку програмски константи: конекција, одмор, засолниште и услуга (вода, осветлување, струја и internet).

Дополнително, секој дизајн/ интервенција/ решение треба да оформи посебен однос кон неколку аспекти: материјал, енергија, одржливост, екологија, дневно- ноќен циклус, 4 сезонски циклус.

# Какво чувство имате за ова соседство?




# Што најдобро ја опишува вашата врска со оваа област?



# Дали препознавте некој, кој не планиравте да го сретнете?






## ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ ОД РАБОТИЛНИЦАТА - КОН ЗАКЛУЧОК

Со користење на иновативни и инклузивни методи и алатки во областа на микро-урбаниот дизајн, очекуваме добивање на просторно-формални, концептуални и стратегиски одговори на постојни, локални проблеми и предизвици. Дизајните ќе имаат можност за систематизација и интеграција во постоечкиот градски модел, продолжен импакт на средината во иднина и ќе создаваат нови градски искуства и атмосфери.



поделба
**групи**




поделба
**локации**






a

улица КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ

## 02

Беким БАЈМАК

Бобан ТРПО

улица 8 ми МАРТ

## 03

Перица КИПРИЈАНОВИЌ

Живкица ДИМИТРИЈЕСКА

02

**Беким БАЈМАК**

**Бобан ТРПО**

**Опис на постојна состојба:** Забелеливо дека тоа е тесна улица исполнета со станбени објекти, каде тротоарите се искористени од жителите кои ги паркираат своите автомобили. Со оглед на предходно споменатото на улицата не е овозможено движење на лица со попреченост. Секако движењето е отежнато и за лицата без пречки.

**Сумирани резултати од теренското истражување:** Граѓаните забележуваат неколку проблеми како дека на улицата нема доволно простор за паркирање, преку ноќ не е доволно осветлена и дека нема простор за комунални услуги.




# КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ



**Атмосфера на постојната состојба:** Улицата е темна, заради височината на објектите и покрај својата јужна ориентација таа е без доволно сончева светлина, недостасуват  елементи, простор односно клупа за социјализација на жителите. Жителите не комуницираат меѓусебно и не се задржуваат надвор на улицата, туку просторот го користат за да го паркираат автомобилот и веднаш влегуваат во домот. Со оглед на недостатокот на урбана опрема нема задржување на улицата.





**КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ**

**Концепт:** Мал парк на едниот крај на улицата со воден ѕид кој ќе игра улога на звучна бариера за звуците кои доаѓаат од булеварот „Илинден“. Се садат дрва кои прават сенка на една голема клупа, поставена на средина од паркот. Партерот е калдрма каде во меѓупросторите има зеленило (трева). Од едната страна на улицата се гради објект со приземје со комерцијална програма.

**Опис на елементи:** Клупа, воден ѕид (каде горниот елемент ќе се потпира на инокс столбови кои нема да се гледаат и ќе има ефект како да лебди и од него вода ќе биде пуштена и решетка под водата како одводен елемент), решеткасти огради за дрва, мала фонтана.

**Атмосфера на новопроектираната состојба:** Тивка, пријатна на изглед, мирна со доволно простор и за движење и за седење. Клупата под сенка на дрвата е привлечно место за одмор за случајните менувачи, но и место за социјална интеракција помеѓу жителите на улицата. Фонтаната само дополнително ги поканува минувачите да се задржат во просторот, додека водениот ѕид го прави местото изолирано од секојдневниот сообраќаен градски метеж.



**Очекувани примарни резултати:** Би се зголемил бројот на посетители на улицата, би се зголемила социјализацијата помеѓу станарите.





КОЛЕ
НЕДЕЛКОВСКИ

**Секундарни резултати:** Би се решил проблемот со паркирањето, односно би се променил односот на граѓаните кон улицата. За нив оваа улица повеќе нема да е место каде ги паркираат колите, туку место каде што можат да се сретнуваат и дружат. Понатаму улицата би станала препознатливо место и за граѓаните кои не живеат таму поради „водениот ѕид“. Тоа би предизвикало препознавање на ново атрактивно градско катче кое поканува и поттикнува комуникација.



КОЛЕ
НЕДЕЛКОВСКИ



КОЛЕ
НЕДЕЛКОВСКИ


hedera helix


Ipomoea batatas
Sweetheart Purple


Ophiopogon
japonicus


carpinus betulus fastigiata - high stem

03

**Перица КИПРИЈАНОВИЌ**
**Живкица ДИМИТРИЈЕСКА**

**Опис на постојна состојба:** Затекнато е високо зеленило односно две дрва кои со своите крошни го покриваат речиси целиот завршеток на улицата. Забележително е дека дрвата се борат со постоечкиот партер односно отворот кој е оставен за нив одамна го имаат надраснато. Со оглед дека ова една од ретките локации каде на јавна површина се појавува зеленило кое е израснато сметаме дека решението треба да биде насочено кон решавање кон овој проблем односно конзервација на затекнатата состојба каде ќе се потпомогнат дрвата со ослободување на нивните корења со што ќе се допушти приод на атмосферска вода и ќе се овозможи тие да дишат. Дополнително забележливи се препреки кои го оневозможуваат движењето, има мала инсолација на објектите и улицата, без определени јавни површини кои граѓаните кои минуваат и/или оние кои живеат на улицата би ги користеле. Притоа нема и соодведно решение за денивелацијата кон булевар Илинден што го прави овој простор непристапен за лица со попреченост.




# 8 МИ МАРТ



**Сумирани резултати од теренското истражување:** Минувачите сметаат дека местото е небезбедно за постарите лица и укажуваат на многу кражби и упади во станови во последно време. Комуникацијата помеѓу соседите е многу ретка речиси непостоечка што би укаало дека недостасува соодветен простор за таа намена односно единствената јавна површина - тротоарите се зафатени од автомобилите кои се паркирани по должината на целата улица и тротоарите.

**Атмосфера на постојната состојба:** Се чуствува извесна смиреност без голема динамика. Објектите се во најголем дел со станбена намена без деловни објекти или пренаменети простори. Неколкуте гаражи се користат за складирање на материјали за кафе компанија која работи на територијата на Градскиот парк кој е во непосредна близина. Непристапно - пречки при движењето како што се: паркирани автомобили и метални столбови, без маалски дух.



**Концепт:** Заради зачувување на постоечките дрва предложено е спојување на двата отвора и изработка на една голема жардињера која ќе ги вклучи и липите, со цел да се ослободат корените и да се овозможи нивно “дишење“. Во продолжение на тоа предвидена е платформа од префабрикувани елементи на која ќе има две клупи со органска форма која дозволува различен тип на седење односно индивидуално или во група.  На крајот на оваа жардињера се предвидува и фонтана налик градска чешма која треба да овозможи користење и инклузивност за сите, вклучувајќи и лица со попреченост и миленичиња.





8 МИ
МАРТ

**Атмосфера на новопроектираната состојба:** Поголема раздвиженост и повеќе функционален заеднички простор што придонесува до подобра маалска заедница.

**Очекувани примарни резултати:** Поголема социјализација помеѓу жителите и граѓаните, повеќе минувачи, поголема фрекфенција на велосипедисти, пожива улична атмосфера.





8 МИ МАРТ

**Секундарни резултати:** Грижата од страна на станарите на таа улица за зеленилото, што придонесува до нивно меѓусебно здружување со заедничка цел – грижа за просторот. На овој начин би се зајакнале соседските врски. Тоа придонесува и до намалена стапка на провали поради зголемената фрекфенција на луѓе.







решение
**аксономертрија**



# 8 МИ МАРТ

8 МИ МАРТ



Vinca minor



Vinca major



Sedum acre



Vinca minor



Tilia cordata

# 6




## 04

улица Крсто Баиќ

Братислав ЗАРЕСКИ

Сања КЕСЕРОВИЌ

## 05

улица КУКУШКА

Фросина АНГЕЛЕСКА

Јована ВЕЛИЧКОВИЌ

## 06

улица  БЛАГОЈА СТРАЧКОВ

Несим РОЧИ

Љубица ЕФТИМОВА

# 04

**Братислав ЗАРЕСКИ**

**Сања КЕСЕРОВИЌ**

**Опис на постојна состојба:** Улицата е тесна за користење и за возачите и за пешаците. Пешаците не се во можност да го користат пешачкиот тротоар поради заменетото место на пешаците и автомобилите. Анкетираните минувачи секојдневно минуваат низ улицата (случајни минувачи кои само за минуваат: мајки со деца, сопственици со своите миленици, велосипедисти,) за да стигнат до саканата дестинација, како што е Градскиот парк. Локалните жители, кои со своите автомобили се враќаа од работа или пазарење, не се задржуваат на својата улица поради недостатокот од урбана опрема за седење, корпи за отпадоци или инсталации од култерен карактер. Постоењето на само една импровизирана рампа не ја задоволува потребата на велосипедистите и лицата со посебни потреби за да се совлада денивелацијата од улицата „Крсто Баиќ" до булевар „Илинден". Заеднички миленик на жителите на улицата е друже љубиво куче, а на единственото дрво наминува јато на врапчиња.




# КРСТО БАИЌ



**Проблеми и недостатоци на улицата се:** користење на улицата како паркинг простор за (камиони) испорака на суровини, загрозена безбедност поради слабо осветлување и неможност на жителите да се социјализираат.

**Атмосфера на постојната состојба:** Тивко, мирно, мртво, делумно осончано, слабо осветлено, тесно, со маалски шмек. Уличниот фронт од двете страни е постојан - постари згради со реновирани фасади и прозорци, при што балконите не гледаат на улицата; високи метални порти од ист тип кои водат кон затскриените дворови, ограничени со жива или мрежеста ограда. Улицата е од отворен тип, но истовремено и тешко пристапна и тешко забележлива. Движењето на пешаците и велосипедите се одвива по средиштето на улицата. Биодиверзитетот е присутен во приватните дворови, додека на самата улица речиси и не постои.



**Концепт:** Предвиденото решение ја замислува улицата како урбано пацио на отворено, со капацитет за социјализација и одморање на жителите, минувачите и нивните миленици. Соживување со атмосферата на ова ново културно катче преку различни елементи и зелени зони со урбана опрема и паркинг за велосипеди, при што се очекува намалување на бројот на паркирани автомобили на улицата.

Денивелацијата се совладува со рампа и вградување на велосипедска патека паралелно по должината на едниот пешачки тротоар. Преку жолта боја се поврзува со соседните улици и тоа во вид на инка.

Нов свеж амбиент на улицата, решавање на проблемот со паркирањето на автомобилите (истите да бидат паркирани на официјално назначените паркинзи во блиска околина), добива карактеристики на јавно катче за социјализација и одмор



КРСТО
БАИК

**Опис на елементи:** Се предвидува поставување на метални конструкции на полното ѕидно платно на станбената зграда, со прикачени саксии со декоративни треви и цвеќиња. Понатаму, во средиштето на улицата паркинг за велосипеди со подземно прицврстување, како и урбана опрема за седење - инсталација на нова клупа вградена во ѕидното платно под првиот спрат на станбената зграда и замена на старата клупа на излезот на булевар „Илинден“.





**Очекувани примарни резултати:** Локалните жители го одржуваат овој ново-вграден простор (полевање на растенијата, чување на урбаната опрема од несовесните граѓани); одржување на приватни собири помеѓу соседите и мини-манифестации отворени за граѓаните од целиот град. На овој начин се зацврстува социјализацијата помеѓу граѓаните кои живеат тука и останататите граѓани кои минуваат. Јакне локалната малска заедница и се создава идетификација со местото.





КРСТО
БАЈК

КРСТО
БАИК



# КРСТО БАЙК



Acer campestre



Acer campestre



Ophiopogon planiscapus Nigrescens



Hedera helix



Ophiopogon japonicus



Liriope muscari

05

Фросина АНГЕЛЕСКА
Јована ВЕЛИЧОВИЌ

**Опис на постојната состојба:** улицата е тесна за колски сообраќај со незадоволителни димензии на пешачкиот тротоар. Дел од станарите паркираат во подземни паркинзи и сопствени дворови, дел паркираат во паркинг на самата улица, а голем дел паркираат и на самата улица. Главен проблем во сообраќајот е метежот кој се создава поради продавницата на слепиот завршеток.

**Сумирани резултати од теренското истражување:** Најчести минувачи се млади луѓе и сопственици на миленичиња кои се упатуваат до Градски парк. За постарите, таа е небезбедно место во ноќните часови. За соседството немаат никакви замерки. Главни посочени недостатоци: слаба осветленост и слаба безбедност, недостаток на корпи за отпадоци и недостаток на детски игралишта во близина.




# КУКУШКА



На улицата паркираат и оние кои не се станари, најчесто оние кои работат во близина или купуваат во продавницата на аголот. Главни предности: улица со голема фрекфентност преку ден.

**Атмосфера на постојната состојба:** Делумно осончано, мирно, тивко место, сигурно, тесно, фрекфентно, со многу возила, тесен фронт, недоволен простор за пешаци.

Не е овозможен влез за лица со попреченост и велосипедисти.



# КУКУШКА

**Концепт:** Интервенцијата предвидува стеснување на влезот од булевар „Илинден" и означување со боја која води кон внатрешноста на улицата. Поставување на зелен ѕид со мал простор за седење, кој го ограничува погледот и поканува да се види што има внатре во улицата.

Денивелацијата се совладува со рампа и се овозможува пристап за велосипедисти и лица со попреченост. Преку жолта боја се поврзува со соседните улици, во вид на инка. Во внатрешноста се реорганизира паркингот. Возилата кои паркираат на постојниот паркинг сега заземаат само половина од истиот и паркираат само во почетокот поркај улицата. Останатата половина од паркингот е искористена за детски парк и зеленило со што се оживува просторот. Се предвидуваат повеќе корпи за отпадоци и соодветно осветлување.

Конечната цел е зајакнување на маалската заедница и препознатливост на местото



Челичната конструкција на игралиштето е поделено во еднакви модули, кое може да се изведе на најразличен начин. Покрај поставувањето на детските реквизити за играње, се предвидува и простор за седење на родителите. Со ова решение ќе се обезбеди поголема социјализација, повикување на децата надвор на улица, повеќе минувачи, поголема фрекфенција на велосипеди и жива улична атмосфера.



КУКУШКА



**Опис на елементи:** Лимени елементи поставени на полните ѕидни платна коишто се користат за седење, потоа челична рамка како завршеток на улицата со зеленило како зелен филтер и звучна бариера. Денивелацијата се совладува со голем потег-рампа долж целата широчина на улицата. Тоа овозможува одржување на мали настани и состаноци на отворено со организирано седење на рампата долж широчината на улицата.





КУКУШКА

КУКУШКА



# КУКУШКА


Prunus laurocerasus Etna


Ophiopogon japonicus


Lonicera nitida


Lonicera caprifolium


Hemerocallis dumortieri


Ligustrum japonicum Texanum


Acer campestre

06

Несим РОЧИ

Љубица ЕФТИМОВА

**Опис на постојна состојба:** Улицата е тесна за колски сообраќај со незадоволителни димензии на пешачкиот тротоар. Потребниот број паркинг места се задоволува со постојните гаражи, но на улицата се паркираат главно луѓе кои не се жители на улицата. Димензиите на објектите се антропоморфни, фасадниот фронт е составен од повеќе висини (до 9 м) и гради пријатен сооднос со улицата (1:1,1:1.5), која е доволно осветлена. Застапено е домување во станбени куќи, а на завршетокот има хостел како привлекувач на корисници.

**Сумирани резултати од теренското истражување:** Анкетираните минувачи секојдневно минуваат низ улицата и ја користат само за минување бидејќи нема што да ги задржи т.е нема урбана опрема за седење, канта за отпадоци, фонтани. Неповрзаните денивелации се пречка за велосипедистите коишто се упатуваа кон паркот и за лицата со посебни потреби. Минувачите беа жители, вработени на улицата или се враќаа од пазар.




# БЛАГОЈА СТРАЧКОВ





**Жителите одгледуваат миленичиња:** куче, 11 мачиња, а на единственото блоковско дрво живеат јато врапчиња. Проблемите на улицата главно се: поплава, паркирање од страна на оние кои не се жители на улицата и немањето простор за нивна социјализација ниту во дворовите (тесни) ниту на улицата.





**Атмосфера на постојната состојба:** Тивко, мирно, сигурно, осончано, осветлено, тесно, карактеристики на маало. Уличниот фронт од двете страни е постојан – фасада со отвори, огради и нагласени влезови преку порти. Улицата завршува слепо со активен агол - мотел. Движењето на пешаците и велосипедите се одвива по средиштето на улицата, биодиверзитетот е застапен во дворовите и улицата движејќи се низ неполните перофрирани огради и бочно поставени домашни саксии со растенија долж едната страна.

**Концепт:** Улицата како урбана соба за социјализирање и одмор за жителите, минувачите и животните преку различни микроклими и урбана опрема, а паркирање во гаражи.

БЛАГОЈА
СТРАЧКОВ



**Опис на елементи:** Лимени елементи поставени на полните ѕидни платна коишто се користат за седење, настрешница - заштита од дожд, заштита од сонце; потоа челична рамка како завршеток на улицата со зеленило како зелен филтер и звучна бариера, фонтана, микроклима за инсекти и животни, и лимени саксии со растенија долж торотарот. Денивелацијата се совладува со голем потег-рампа долж целата широчина на улицата. Преку жолта боја се поврзува со соседните улици и тоа во вид на инка.



БЛАГОЈА
СТРАЧКОВ



**Атмосфера на новопроектираната состојба:** Отворено, покриено, слободно, сигурно, мирно, социјализирање, визуелни искуства со различна боја: растеније што менува боја и повеќе микроклими

**Очекувани примарни резултати:** Решавање на проблемот со нелегално паркирање и улицата да се користи за социјализација и одмор освен за поминување.

**Секундарни резултати:** Одржување на мали настани и состаноци на отворено со организирано седење на рампата долж широчината на улицата што би му дало нов



БЛАГОЈА
СТРАЧКОВ



идентитет на местото – како место за средба. Ваквата содржина би ја зголемила социјалната интеракција на граѓаните и би ја зајакнала маалската заедница.

БЛАГОЈА СТРАЧКОВ



БЛАГОЈА
СТРАЧКОВ


Gaura lindheimerii


Echinacea-purpurea


Parthenocissus quinquefolia


Miscanthus sinensis




# B

улица КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ

## 09

**Maja ВУКАДИНОВИЌ**

09

Маја ВУКАДИНОВИЌ

**Опис на постојна состојба:** Највоочлив е проблемот со паркираните автомобили, како и низ целата населба. Улицата е станбена, на која најмногу се движат граѓаните кои живеат тука. И поркај тоа што во непосредна близина е Градскиот парк, улицата не е привлечна за случајни минувачи. Најголем дел од минувачите не се задржуваат на улицата, бидејќи нема никаква урбана опрема.

**Сумирани резултати од теренското истражување:** Дел од станарите се чувствуваат небезбедно на овој јавен простор, но не и минувачите кои поминуваат овде. Главен проблем на улицата што паркингот (кој не е доволен) пречи во функцијата. Живеат повеќе генерации и сите би сакале да можат да поминуваат поголем дел од времето на улицата, како еден заеднички простор.




# КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ



**Атмосфера на постојната состојба:** Еден збор кој ја опишува улицат е: 'натрупано'. Хаос од автомобили кои нерегуларно се паркираат по тротоарите, нерегулирани движења на сите субјекти и отсутност на антропоморфноста, препорачана за овој тип на улици.







**Концепт:** Кругови во жолта боја ги обележуваат позициите на кои се забележани постоечки активности на улицата, со додавање на урбана опрема создаваме места на кои ќе биде потенцирана веќе постоечката активност. Со светло сива боја се обележани просторите за паркирање на автомобили, ги поставуваме на истите позиции кои во моментот се користат, со таа промена што сега ги регулираме со боја на подлогата. Истите кога не би се користат како паркинг, може да се сметаат како продолжување на прстените кои ги дефинираме со другите бои.

КОЛЕ
НЕДЕЛКОВСКИ



**Опис на елементи:** Се поставуваат 6 кругови, во секој од нив содржи една активност. На јужната страна од улицата, забележавме група на луѓе кои се состануваа тука, затоа се поставува еден вид на бетонски елементи (клупи) на кои граѓаните би можеле да седнат. Клупите ќе бидат поставени околу чешма, а водата е центар на оваа композиција. Следно, се поставувува еден круг каде ќе биде поставен елемент за детска игра, бидејќи е забележан голем број на родители со деца кои  влегуваа во зградата. Елементите за детска игра се нетипични и на некој начин претставуваат и уметничка инсталација. Потоа поставуваме



КОЛЕ
НЕДЕЛКОВСКИ



една стреа, во манирот на сите овие кругови, но овој елемент изгледа како да лебди над улицата. Ова ќе служи како еден вид на покривка над улицата каде би можеле да се засолнат минувачите. Имаме и еден простор на кој ќе бидат поставени подвижни цилиндрични елементи кои ќе служат за седење и секој ќе може да ги постави според потребите. Еден круг го оставаме празен за генерирање на друга активност. Во последниот круг е поставено едно дрво, кое е центар на оваа композиција, под него се посадени растенија кои би асоцирале на ливада. Така, ја внесуваме природата која недостасува. Оваа улица е



КОЛЕ
НЕДЕЛКОВСКИ



пешачка станбена улица на која предност имаат пешаците, а автомобилите можат само да се поставаат на веќе обележаните позиции, при тоа внимавајќи на веќе поставената програма на улицата. Се поставува подвижна опрема, која во случај на итност (пр. пожар) може да биде поместена.



КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ



**Атмосфера на новопроектираната состојба:** Поголем број на активности кои генерираат фрекфентност. Со бојата предизвикуваме одредени чувства, на пример: жолтата е одбрана како весела боја која поттикнува развој кај луѓето, а посебно кај децата. Се предизвикуваат нови интеракции кои поради недостатокот на јавен простор до сега не биле можни.

**Очекувани примарни резултати:** Со воведување на овие промени се зголемува и безбедноста на улицата. При интеракциите луѓето повеќе се запознаваат со што го враќаме тоа чувство на соседство како социјална структура, а не само физичка поставеност.

**Секундарни резултати:** Улица која припаѓа на луѓето, а не на автомобилите.

Зголемување на свеста на луѓето за потребата од човечки содржини кои ќе се наслојуваат и надоврзуваат, наспроти комплетната едноличност и хаотичност на моменталната состојба.

КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ



Bidens ferulifolia



Carex Comans "milk chocolate" .



Festuca azurit



Rudbeckia fulgida Goldsturm



Robinia pseudoacacia

## скопје лаб

Александар ЛАЗОВСКИ

Николчо ГОШЕВ

Марија БАШЕСКА

## ментори

Софија БОГЕВА

Оливер ИЛИЕВСКИ

Ива ПЕТРУНОВА

Лидија РИСТОВСКА

Дамјан МОМИРОВСКИ

## учесници

Марија Хаџи Пецова

Живкица Димитријеска

Братислав Зарески

Фросина Ангелеска

Миле Трајковски

Маја Вукадиновиќ

Беким Бајмак

Несим Рочи

Сенад Дошлак

Перица Кипријановиќ

Јована Величковиќ

Бобан Трпо

Филип Костенцовски

Сања Кесеровиќ

Христина Тарабунова

Христијан Ангелов

Љубица Ефтимова

Весна Будиноска